Д-р Ило ТРАЈКОВСКИ

# РЕЛЕВАНТНОСТА НА ВЕБЕРОВИОТ ТОЛКОВЕН ПРИСТАП КОН ПОЛИТИЧКОТО

Сѐ до неодамна местото на Макс Вебер во развојот на нашата социологијата се одредуваше, пред се, во корелација и под сенката на Карл Маркс и воопшто на социолошкит холизам, реализам и колективизам. Таквиот однос се разбира не беше во согласност со автохтоните вредности на Веберовото дело и со оценките дека Вебер е еден од највлијателните претставници на германската социолошка традиција, а според Парсонс и најзначајнот европски социолог. За ова зборува и податокот добиен од анализата на оценките за десетте социолошки книги кои оствариле најголемо влијание врз испитуваните членови на Меѓународната социолошка асоцијација. Меѓу десетте такви дела две се Веберови дела, „Стопанство и содружништво" е прво на ранг листа-

| | Автор | Дело | Во % |
|---|---|---|---|
| I | М. Вебер | Стопанство и содружништво | 20.9 |
| II | Р. Милс | Социолошка имагинација | 13.0 |
| III | Р. Мертон | Социјалната теорија и социјалната структура | 11.4 |
| IV | М. Вебер | Протестантската етика и духот на капитализмот | 10.3 |
| V | П. Бергер и Н. Лукман | Социјална конструкција на стварноста | 9.9 |
| VI | П. Бурдие | Дистинцкија: Социјална критика на вреднувањето на вкусот | 9.5 |
| VII | Н. Елијас | Процесот на цивилизирање: Моќта на цивилизираноста | 6.6 |
| VIII | Ј. Хабермас | Теорија на комуникативното дејствување | 6.4. |
| IX | Т. Парсонс | Структурата на социјалното дејствување | 6.2 |
| X | И. Гофман | Прикажувањето на себството во секојдневниот живот | 5.5 |

Извор: International Sociological Association Books of the CenturyXX: http://www.ucm.es/info/isa/books/vt/bkv_000.htm

та. По него доаѓаат Милсовата книга „Социолошка имагинација", Мертоновата „Социјалната теорија и социјалната структура", а четврта по ранг е Веберовата „Протестантска етика и духот на капитализмот".

Токму заради ваквата значајност, денес, кога нашата социологија се отвора кон либералната и индивидуалистичката социјална мисла, актуализацијата на Веберовото волуменозно дело може да биде исклучително плодотворен чекор. Тоа ќе овозможи развој на социолошка имагинација во чија што жижа е човекот како конкретна индивидуалност и во која социумот не е просто свет на надворешни структури, институции, установи и сл. туку, пред тоа, свет на лични, субјективни доживувања, значења, смисла, претстави и сл.

Во контекст на темата со која се занимава мојот прилог за овој симпозиум ова значи насочување на интересот на социологијата на политиката кон толкувањето на секојдневното разбирање на политичкото. Значи, не просто кон објаснување на политиката како прва, втората, трета или n-та сфера на општествениот систем, односно како политички систем, како надградба или како суперструктура туку како специфичен тип на социјално дејствување - значи како мисловно и осмислено однесување.

Толковниот пристап кон политичкото ги отвора прашањата како што се, на пример, кои и какви личности се политичарите? Какви се нивните внатрешни мотиви за политичко дејствување? Зошто во политиката влегуваат токму какви личности какви што ги имаме денес? Што тие прават со легитимните и нелегитимните политички средства кои им стојат на располагање? Како политиката ја разбираат луѓето кои одбиват политички ангажман?

Ваквиот пристап кон политичкото е заснован на премисата дека политичкото како такво како и *"степенот на неговото поимско разграничување од другите сфери на општествената активност како и неговата институционална автономија, е историски и културно конструиран концепт кој од време до време и од култура до култура го менува своето значење."* (Baruch, Kimmerling, 1996: 153). Станува збор за премиса која заедно со премисата дека модерното општество се карактеризира со разграничување меѓу 'содружничкото' ('the social') и 'политичкото' ('the political'), односно меѓу содружништвото ('society') и државата ('the state') лежи во темелите на самата социологија на политиката.

Отворањето на овие прашања се чини неминовно заради самата демократска иднина на политичкото, социјално дејствување во Маке-

донија. Македонското општество во изминатиот период на преобразба успеа на релативно задоволителен начин да ги дефинира и установи новите демократски политички институции. Инсталиран е политичкиот хардвер. Но, останува инсталацијата на политичкиот софтвер, во тој контекст и на смислата на политичкото во новиот историски момент. Токму во таа насока ми се чини релевантен толковниот пристап кон политичкото. Негова основна цел е разбирањето на тековната реконструкција на смислата и значењето на политиката, т.е. на политичкото дејствување или воздржувањето од политичко дејствување.

Но, проблемот е во тоа што во нашата интелектуална или научна традиција овој пристап и овој тип на прашања конвенционално се смета за недостоен за научен третман. Тоа е веројатно причината зошто до денес немаме ниту најава за развој на политичката психологија, или на интеракционистички, етнометодолошки и феноменолошки студии за политиката. Согласно на позитивистичата премиса за социологијата како наука таа досега се насочува кон општеството, односно кон неговата структура и/или динамика, а не кон луѓето и кон нивното социјално дејствување и однесување како суштества од крв и месо.

Овој методолошки пристап на социологијата денес во овие матни времиња ме потсетува на поповата изрека: "Не гледајте што правам, туку, слушајте што зборувам". Така отприлка звучат конвенционалните одговори на супстанцијалистичките прашања: што е општество, што е политика, што е држава воопшто или што е демократија?

Сепак, нашата социологија ќе ја биде ако успее да прогледа и ако почне да разбира. Таа треба да стане начин на гледање и на толкување на социумот, а не просто само начин на негово „научно“ објаснување. Во однос на ова, се чини многу сугестивна е пораката на Макс Вебер искажана при крајот на својот живот, за тоа што тој лично не сака да биде неговата „разбирачка социологија“ или „социологијата на разбирањето“. Вебер "**не** сака таа ... да биде наука за општеството“. Нејзиниот предмет како што констатира Вилхем Хинис, "**не е општеството,** туку единствено и само индивидуалното 'социјално дејствување'." (Wilhelm Hennis, 1991: 117-128.) Социјалното дејствување, социјалните односи, а не општеството е фундаменталната социолошка стварност. Тоа е социоонтолошката позиција на Макс Вебер а не општеството, политичкиот систем или било која друга "општествена" структура како таква. Тој е преокупиран со самите социјални односи, а не со нивните реификации. Следејќи го Вебер, денес ние треба да научиме да мислиме социолошки и без реификациите како што е поимот

општество. Денес во ерата на глобализацијата оваа тема ја отвора и анализира и Нил Смелсер во неговата книга *Проблематиката на социологијата*. (Neil J. Smelser, 1997).

Во контекст на темата за толкувањето на политичкото, илустративен е основниот методски исказ изречен во двете Веберови предавања за науката и за политката како позив. И во двете главно прашање и главен предмет на социологијата на политиката, односно на науката не се *надворешните, структурните димении на науката или на политика, туку, внатрешните димензии* на позивот научник, односно политичар. За тоа зборува неговиот исказ пред слушателите на предавањето *Науката како позив*. Вебер токлувајќи ги мотивите на слушателите на неговото предавање, идните научници, по тој повод вели: "Но, мислам дека вие всушност сакате да чуете нешто за внатрешниот позив за науката", за оној "кој и служи исклучиво само на вистината".

Темата за толковното разбирање на политичкото денес и овде може да се отвори со фундаментално искуственото прашање: Што се случува во човечките души при или заради промената на политиката? Какво е нивното субјективно доживување на нештата? Имајќи ја предвид предходно назначената теориска релевантност на проблемот, во продлжение се назначува неговата емпириска евидентост. На овој начин всушност се отвора аргументот дека Веберовата разбирачка социологија на политичкото не застранува во субјективизам, туку, дека таа има и објективни котви.

Без ваквиот пристап и без овој тип на прашања останува необјаснива феноменологијата на политичкото во периодот на транзиција. Инспириран од овој тип на политички појави во Германија и Соединетите Американски Држави од негово време Вебер ќе ја направи моделската дистинкција меѓу двата типа на политичари. *Едните кои живеат за политиката*, а другите кои *живеат од политиката.*

Кај нас политиката ја прават и дефинираат или ќе речам дури ја експропираат афирматорите на вториот начин на разбирање на политичкото дејствување. Со ретки исклучоци, актуелните политичари политиката ги мотивира како средство за постигање на сопствената благосостојба. Таа денес ги привлекува малодушните и малограѓаните како што ги нарекува Вебер. Тие, според него претставуваат *„тип на луѓе на кои не само што му недостига голем инстинкт за власт“ туку се карактеризира со 'ограничено политичко тежнение кон материјални цели или за интересите на сопствената генерација, недостаток на свест за мерката на одговорност спрема потомците".*

Во нашата но, во интерес на вистината и во повеќето други транзициони ситуации, доминира токму овој тип на личности и таквиот начин на разбирање на политичкото. Доказ за ова е патронажниот карактер на политичкото кај нас, а особено патронажниот карактер на политичките партии. Друг факт од истиот ред е дерационализацијата и во тој дух дебирократизацијата или да речам обесправувањето на владеењето.

Наместо рационална власт и владеење на правото имаме типично традиционаистичко практикување на власта, авторитарност и харизматичност. Партиските босови или нивните наместници го хегемонизираат управниот апарат. Наместо владеење на правото имаме владеење на волјата. Зошто ова ни се случува? Зошто ни се случува физичари да ги рангираат социолозите на идеолошки загадени или на добри, познати и непознати?

За критика на овие појави, кои не се од вчера не е многу од полза структуралистичкиот теориско методолошки пристап и за него карактеристичниот сувопарен позитивизам. Тука, би се рекло, каузалното објаснување нема своја вистинитост. Се разбира, факт е дека социјалното дејствување воопшто и политичкото дејствување како негова форма има структурални фактори. Тие се оние кои се карактеристични за преодните периоди. Но, ова следејќи го аманетот на Вебер, не значи дека ние сме просто функционери и гласноговорници на ваквите структурални процеси.

Луѓето се субјекти на општествениот живот, па според тоа и на транзицијата како општествена појава. Значи, тие се тие кои го конструираат и реконструираат актуелното општествено милје а не обратно. Луѓето се тие кои прават транзиција а не обратно. Како субјекти луѓето секогаш имаат избор. Тие не мора да прифатат патронски однос и спасителски амбиции на демагозите, туку, можат да бараат рационална власт. Нивно природно право е да го бранат законот тогаш кога него го дерогира по своја волја оној кој тие го овластиле да го спроведува.

На сличен начин и социологот има избор: да биде социолог со автономен порив за следење на вредностите на строгоста, интегритетот, вистинитоста и јасноста или пак со подanички, наменснички и инструментален порив и етос да биде извршител на волјата на овој или оној харизматски водач или ситен мешетар. Овој избор го правиме секојдневно, исто како што тоа го правеше и Макс Вебер.

## Упатна литература:

Wilhelm Hennis, "Ličnost i sistem življenja u djelu Maksa Vebera" Maks Veber: Suvremene interpretacija, Zagreb: Sociološko društvo Hrvatske, 1991: 117-128.

Neil J. Smelser, Problematics of Sociology, Berkeley, London and Los Angeles: University of California Press, 1997

Baruch Kimmerling "Changing Menings and Boundaries of the 'Political'", Current Sociology 44(3), Winter 1996: 152-176

Maks Veber, "Politika kao poziv" vo Vladimir Gligorov (ur.) Kritika kolektivizma, Beograd: Filip Višnjić, 1988: 55-99.